www.nationalromacentrum.org

WE EFFECT

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТЕМА:

# ДОСТАПНОСТ НА МЕРКИ ЗА РАЗВОЈ НА КОМПЕТЕНЦИИ И СТЕКНУВАЊЕ КВАЛИФИКАЦИИ

Билјана Мојсовска Манојлова

НОЕМВРИ, 2020

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТЕМА:

# ДОСТАПНОСТ НА МЕРКИ ЗА РАЗВОЈ НА КОМПЕТЕНЦИИ И СТЕКНУВАЊЕ КВАЛИФИКАЦИИ

Ноември, 2020

**Издавач:**

**ЗДРУЖЕНИЕ НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР**

Национален ромски центар
ул. Доне Божинов бр.11/5, 1300 Куманово
тел/факс: 031/ 427-558

e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org
www.ednomagazine.com

Авторка:
**Билјана Мојсовска Манојлова**

**Проект „Зајакнување на жената Ромка во Република Северна Македонија"**

Истражување за достапност на мерки за развој на компетенции и стекнување квалификации е изработен во рамките на проектот „Зајакнување на жената Ромка во РСМ" кој го имплементира Национален ромски центар со поддршка на We Effect. Проектот се имплементира во 6 општини: Куманово, Кочани, Кичево, Штип, Прилеп и Велес во период од 01.05.2019 – 31.12.2020г. Главна цел на проектот е подобрување на социо-економскиот статус и социјална инклузија на жената Ромка и млади во Северна Македонија.

Овој материјал е целосно финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка и развој - Sida и Шведската организација за развој We Effect. Sida и We Effect не се одговорни за презентираното мислење во публикацијата. Авторите се одговорни за содржината.

# 1. СОДРЖИНА


**1. Вовед** . . . 3

1.1. Опис на проектот . . . 3

1.2. Предмет на истражувањето . . . 3

1.3. Цел на истражувањето . . . 3

**2. Ромките и Ромите како маргинализирана група - состојба и предизвици** . . . 5

2.1. Социо-економска состојба на Ромите во планските региони опфатени со проектот . . . 5

2.1.1. Образование . . . 6

2.1.2. Вработување . . . 6

**3. Политики** . . . 9

3.1. Приказ на релевантната стратешка рамка . . . 10

3.1.1. Стратегија за образованието 2018 - 2025 . . . 10

3.1.2. Стратегија за образование на возрасните . . . 10

3.1.3. Концепција за основно образование на возрасни . . . 11

3.2. Надлежни институции и тела . . . 11

3.2.1. Министерство за образование и наука . . . 11

3.2.2. Центар за образование на возрасните . . . 12

3.2.3. Ј.У. Центар за образование на возрасните – Скопје . . . 12

3.2.4. Совет за образование на возрасните . . . 13

3.3. Актуелни политики . . . 14

3.3.1. Верификација на програми за неформално образование на возрасните . . . 14

3.3.2. Валидација на неформално и информално учење . . . 15

**4. Потреба од вештини** . . . 16

4.1. Потреба од вештини во регионите опфатени со проектот . . . 16

**5. Мерки и можности за образование и обука од интерес на целната група на проектот** . . . 17

5.1. (До)оформување на основно образование на возрасните . . . 17

5.2. Оформување на средно стручно образование . . . 17

5.3. Стекнување на компетенции и/или стручни квалификации преку учество во верификувани обуки според Посебни програми за неформално образование на возрасни . . . 19

5.4. Обуки во рамките на Оперативниот план за активни мерки за вработување 2020 . . . 19

**6. Релевантни проекти** . . . 20

6.1. Образование за вработување - Education for Employment E4E@mk . . . 20

6.2. Проект „Проценка на КОмпетенции за РЕинтеграција" - CORE - COmpetences for REintegration . . . 20

**7. Користена литература** . . . 21

**8. Анекси** . . . 22

Анекс 1
Листа на понудувачи на верификувани обуки за неформално образование за возрасни . . . 23

Анекс 2
Листа на понудувачи на основно образование за возрасни . . . 33

Анекс 3 . . . 34

Обуки според Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година . . . 34

# 1. ВОВЕД

## 1.1. ОПИС НА ПРОЕКТОТ

Ова истражување се изведува за потребите на Здружението „Национален ромски центар“од Куманово, во рамки на проектот „Зајакнување на жени Ромки во Република Северна Македонија“, со финансиска поддршка на We Effect.

Целта на проектот е да даде придонес за подобрување на социо-економскиот статус и социјалната вклученост на жените Ромки и млади Роми во Северна Македонија.

Специфични цели на проектот се:

- **Организациски развој на Националниот ромски центар (НРЦ) во родова рамноправност и вклучување на родовите аспекти во главните политики;**
- **Економско зајакнување на Ромите, со фокус на жени и девојки;**
- **Зголемување на пристапот до правда за жените Ромки, девојчињата и момчињата и застапувањето базирано на пристапот базиран на човекови права на локално и национално ниво;**
- **Зголемена мобилизација на пристап до мерки за вработување и активирање на пазарот на трудот на Ромите, особено на младите;**
- **Зголемен пристап до заштита на работничките права врз основа на пристап базиран на човекови права (HRBA) на локално и национално ниво;**

## 1.2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на истражувањето е сѐопфатен и систематичен преглед на можностите за образование на возрасни поединци со ниско ниво на основни вештини и квалификации, во еден поширок контекст, почнувајќи од политиките и стратегиите на државно ниво, стратешките документи кои ги креираат условите и го уредуваат образованието, надлежни институции, видот и опфатот на конкретни мерки, како и понудувачите кои изведуваат програми за формално (основно) образование на возрасни и програми за неформално образование на возрасните, што водат до стекнување знаења, вештини и компетенции и/или до стекнување на стручна квалификација.

Имајќи предвид дека проектот се реализира во 5 плански региони, во општините Куманово, Кочани, Кичево, Штип, Велес и Прилеп, особен акцент ќе биде ставен на мапирањето на програми и можности за дооформување основно, односно посетување обуки за неформално образование што води до стекнување квалификации, развој на вештини и компетенции,кај понудувачи лоцирани во дадените општини.

## 1.3. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Како такво, ова истражување ќе даде поддршка во реализацијата на гореспоменатиот проект, со тоа што информациите и резултатите што ќе произлезат од него, ќе му дадат јасна и сѐопфатна слика на носителот на проектот и ќе му помогнат во понатамошното стратешко управување и насочување на проектот. Преку дефинирањето на формата на поддршка кон градењето на свеста за потребата од, и пристапот до соодветно образование, со цел јакнење на капацитетите и унапредување на вештините и компетенциите и подигање на нивото на квалификации на младите Ромки и Роми, ќе се придонесе кон зголемување на конкурентноста и пристапот на пазарот на труд, на вработливоста и кон подобрување општата економска состојба на оваа чувствителна општествена група, што се воедно и целите на овој проект.

Актуелните информации за достапни мерки и програми поврзани со стекнување компетенции, вештини и квалификации, во следната фаза од овој проект ќе бидат преточени во прирачник кој ќе служи како алатка за сите оние организации кои директно работат на терен со Ромките и Ромите и ќе им помогне во процесот на подигање на свеста на оваа маргинализирана група за важноста на образованието и неговата улога во зголемувањето на нивната вработливост. Воедно, прирачникот ќе содржи актуелни информации за можности за (до)образование и обукаи ќе им го олесни пристапот до информации за соодветно образование што би им го отворило патот до потенцијално вработување.

# 2. РОМКИТЕ И РОМИТЕ КАКО МАРГИНАЛИЗИРАНА ГРУПА - СОСТОЈБА И ПРЕДИЗВИЦИ

## 2.1. СОЦИО-ЕКОНОМСКА СОСТОЈБА НА РОМИТЕ ВО ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ ОПФАТЕНИ СО ПРОЕКТОТ

Иако податоците од Пописот од 2002 година[1] укажуваат дека застапеноста на Ромите во вкупното население во Република Северна Македонија изнесува приближно 2,7%, според индикациите на локални НВОзастапеноста е многу поголема и изнесува дури до 6%[2]. Според најновите податоци од Светската банка и УНДП, базирани на Еуростат, вкупниот процент на Ромите како етничка заедница во однос на вклупното население изнесува 9.6%[3].

Како причина за разликите во однос на официјалните статистички податоци се наведува големиот број на граѓани Роми кои немаат лична документација, економската миграција на Ромите од еден во друг град и во странство, отсуството на свесност кај дел од ромската заедница за важноста на пописот како и други причини[4].

*Табела 1: Вкупен број Роми во наведените општини во однос на другото население*

| Општина/Население | Вкупно | Роми | % |
|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 202 47 | 53879 | 2.66% |
| Куманово | 105484 | 4256 | 4.03% |
| Кочани | 38092 | 1951 | 5.12% |
| Кичево | 30138 | 1630 | 5.41% |
| Штип | 47796 | 2195 | 4.59% |
| Велес | 55108 | 800 | 1.45% |
| Прилеп | 76768 | 4433 | 5.77% |

*Извор: Статистички Годишник на Република Македонија, Државен Завод за статистика, Скопје, 2019*

Во изминатите години, поседувањето лична документација е предизвик за ромската заедница. Во рамките на ова истражување, овој аспект е многу важен заради тоа што, поседувањето документација е предуслов за пристап до различни услуги, како училиште, обука, возачка дозвола, здравствено осигурување итн. Во однос на ова, постои одрден напредок кај Ромите. Според извештајот на Светска Банка и УНДП, во 2017 година, скоро 99% од Ромите поседува извод на родени, 94% од сите над 18 години имаат лична карта[5].

1 Иако од постар датум, со цел да се добие слика за застапеноста на Ромите во вкупното население го градовите кои се предмет на ова истражување, за потребите на оваа публикација се користени официјални податоциод Статистичкиот годишник за 2019 година од Државниот завод за статистика, кои се базирани на Попсот на население од 2002: Вкупно население на Република Северна Македонија според припадноста кон етничката заедница, по општини, според административно-територијалната организација од 2004 година. Овие податоци се вкрстени со податоци од релевантни истражувања од понов датум, онаму каде што е применливо.

2 Анализа на образованието на Ромите, http://www.merc.org.mk/Files/Write/Documents/03557/mk/analiza-na-obrazovanieto-na-romite.pdf

3 Regional Roma Survey 2017: Roma at a glance, Country fact sheets, the former Yugoslavia Republic of Macedonia, World Bank and UNDP, April 2018, https://www.eurasia.undp.org/content/rbec/en/home/library/roma/regional-roma-survey-2017-country-fact-sheets.html

4 Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020, Министерство за труд и социјална политика, http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strategija%20za%20Romite%20vo%20RM%202014-2020.pdf

5 Regional Roma Survey 2017: Roma at a glance, Country fact sheets, the former Yugoslavia Republic of Macedonia, World Bank and UNDP, April 2018,

## 2.1.1. ОБРАЗОВАНИЕ

Сегашната ситуација со генералното образовно ниво на Ромите е незадоволителна. Иако завршувањето на основното и средното образование се законска обврска, сепак забележителни се отстапувањата. Неписменоста или нискиот степен на образование продолжуваат да ја форсираат спиралата на сиромаштијата а со тоа и врзаната висока стапка на невработеност.[6]

Во основното и во средното образование Ромите ја следат наставата на македонски наставен јазик. Во изминатиот период, тие својот јазик го изучуваа факултативно, а од учебната 2008/9 како изборен предмет, односно, Јазик и култура на Ромите и тоа од 3то одделение со по 1 час неделен фонд и до 9то одделение со по 2 часа неделен фонд. За тие потреби Бирото за развој на образованието изготви и наставни програми од трето до шесто одделение и распиша конкурс за учебник за трето и четврто одделение.



Стратегијатаукажува на одреден напредок во оваа област, реализиран во рамките на Декадата на Ромите. Има видливи подобрувања во вкупниот опфат на ромските деца и млади во образовниот систем, зголемен е бројот на деца Роми (во учебната година 2011/12 во споредба со 2006/07); зголемен е бројот на млади Роми кои се запишале и/или завршиле средно па и високо образование, и дури за 73,2% е зголемен бројот на вклучените ромски ученички во средното образование (во учебната година 2011/12 во споредба со 2006/07). Според Светската Банка и УНДП, стапката на деца Роми на возраст од 7-15 години кои се запишани во основно образование пораснала од 74% на 78% (2011 во однос на 2017), што е сѐуште многу понизок процент во однос на опфатот на неромското население (88%). Стапките на Роми кои завршуваат средно и високо образование се континуирано ниски. Во 2017 година 31% од Ромите на возраст од 22-25 години имаат завршено средно образование, и само 3%

https://www.eurasia.undp.org/content/rbec/en/home/library/roma/regional-roma-survey-2017-country-fact-sheets.html

6 Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020, Министерство за труд и социјална политика, http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strategija%20za%20Romite%20vo%20RM%202014-2020.pdf

високо образование[7].

Исто така, евидентиран е мал напредок во однос на порастот на писменоста и образованието за возрасни, а недостига и детална и се’опфатна евиденција за децата опфатени во училишниот систем. Сепак, како најголеми предизвици се идентификувани: високата стапка на неписменост, особено меѓу жените Ромки, големиот процент на возрасни Роми со неоформено основно и/или средно образование и, нискиот степен на информираност и искористеност на можностите за возрасните Роми за дообука, квалификација и преквалификација за разни занимања кои би довеле до нивно вработување[8].

## 2.1.2. ВРАБОТУВАЊЕ

Ромите потешко се вклучуваат на пазарот на трудот во однос на неромското население. Само 22% од Ромите на возраст од 15-64 години биле вработени во 2017 (во однос на 40% од другото, не-Ромско население). Во однос на вработувањето, постојат големи разлики базирани на пол: само 13% од жените Ромки се вработени во 2017, додека кај мажите Роми оваа стапка е двојно поголема.

Ромите како етничка заедница се соочуваат со повеќе од двојно повисока стапка на невработеност од онаа на неромското население. Имено, според податоци од 2017 година, стапката на невработеност кај Ромите на возраст помеѓу 15- 64 години е 49%, додека во истиот период кај неромското население стапката на невработеност е речиси повеќе од половина т.е. 19%[9]. Кај женската популација стапката на невработеност е уште поизразена и тоа со 58% кај Ромките, а 45% кај жените од други националности.

Состојбата е уште поалармантна со возрасната група помеѓу 18-24, во која поголемиот дел од лицата НЕ се вработени, ниту вклучени во образование и обука (НЕЕТс[10]). Младите девојки Ромки, со ниското ниво на посетување на училиштеи невработеност, се со поголема веројатност да бидат неактивни, или надвор од пазарот на труд и вообичаено се вклучени во работи поврзани со домаќинството и грижа за другите (дури 81% се НЕЕТ во 2017).

Бројот на невработени лица од ромска националност според податоците на АВРСМ во последните три години во апсолутен број драстично се зголемил (во 2018 вкупниот број на невработени Роми изнесувал 6321, во во 2019 – 9239 лица, додека во 09.2020- 13708 лица). Порастот на оваа стапка во апсолутен износ не укажува нужно на зголемување на невработеноста кај оваа етничка заедница туку, можеби на зголемување на бројот на регистрирани баратели на работа во евиденцијата на АВРСМ. Драстичното зголемување на бројот на невработени лица во овие години се должи на зголемување на бројот на евидентирани невработени кои се без стекнато образование како и зголемување на бројот на лица со стекнато основно образование.

Во општините кои се предмет на ова истражување, според податоците презентирани подолу во Табела 2, иако се’уште висока, бележиме релативно пониска стапка на невработеност на вкупната ромска популација која живее во овие општини во однос на просекот. Притоа, највисока стапка на невработеност е забележана во Штип, а најниска во Куманово. Сепак овие податоци треба да се земат во предвид со одредена доза на претпазливост и да се толкуваат релативно со оглед на временскиот период во кој се генерирани, имено бројот на жители е земен од последниот спроведен попис во 2002 година, додека податоците за невработеноста се превземени од неодамнешни статистички билтени на Агенцијата за вработување од 2020 година. Во делот на невработеноста на Ромите во селектираните општини по пол, постои релативна уедначеност на бројот на невработени мажи и жени Ромки, со тоа што невработените Ромки предничат во Велес и Прилеп, а невработените мажи Роми во Штип.

7 Regional Roma Survey 2017: Roma at a glance, Country fact sheets, the former Yugoslavia Republic of Macedonia, World Bank and UNDP, April 2018, https://www.eurasia.undp.org/content/rbec/en/home/library/roma/regional-roma-survey-2017-country-fact-sheets.html

8 Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020, Министерство за труд и социјална политика, http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strategija%20za%20Romite%20vo%20RM%202014-2020.pdf

9 Regional Roma Survey 2017: Roma at a glance, Country fact sheets, the former Yugoslavia Republic of Macedonia, World Bank and UNDP, April 2018, https://www.eurasia.undp.org/content/rbec/en/home/library/roma/regional-roma-survey-2017-country-fact-sheets.html

10 Скратеница од: Not in employment, education and training - NEET

*Табела 2: Број на невработени Роми/Ромки во истражуваните општини*

| Општина / Роми | Вкупен број Роми | Вкупно невработени | %[11] невработени Роми | Жени-Ромки | % на невработени Ромки |
|---|---|---|---|---|---|
| Куманово | 4256 | 1050 | 24.67% | 514 | 48.95% |
| Кочани | 1951 | 566 | 29.01% | 282 | 49.82% |
| Кичево | 1630 | 569 | 34.91% | 280 | 49.21% |
| Штип | 2195 | 886 | 40.36% | 409 | 46.16% |
| Велес | 800 | 232 | 29.00% | 118 | 50.86% |
| Прилеп | 4433 | 1373 | 30.97% | 693 | 50.47% |

*Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија и Државен завод за статистика*

Ромското население има понизок просек на стекнато формално образование во споредба со неромската популација. Па оттука и една од причините за релативно слабите можности за вработување на Ромите е и пониското ниво на образование. Најголем процент, и тоа 89% од невработените Роми кои се во евиденцијата на националната агенција за вработување (регионални центри), се без образование или се со основно образование. Овој процент достига до 92% кај жените Ромки. Најголем дел од невработените млади лица со средно образование се лица со средно стручно образование, и тоа тригодишно (8% од вкупниот број) или четиригодишно образование (40% од вкупниот број), додека 5% имаат општо средно образование. Останатите лица пак се со основно образование (27%) или пак лица кои немаат завршено основно образование (12%), (значајно голем удел на жените Ромки)[12].

На понудата на работна сила кај Ромите, главно, се делува преку мерки за подобрување на вештините на невработените лица преквалификација и обука на невработените за занимања кои се барани на пазарот на труд, зголемена искористеност на програмите за доофрмување на образованието на возрасни Роми заради полесен пристап на пазарот на трудот, трансформирање на неформалната економија во формална во обем кој може да се контролира и е прифатлив за пазарните економии.

Активните мерки за вработување на Владата на Република Северна Македонија од страна на Ромите се прифатени како реална можност. Во текот на 2010 година вкупно 133 Роми, од кои 40 се жени, се вклучиле во овие мерки. Во 2011 година, вкупно 223 Роми од кои 66 жени додека во 2012 година вкупно 578 Роми, од кои 222 жени се вклучиле во овие мерки. Интересот за вклучување во мерките во текот на 2012 година значително се зголемил. Евидентно е и зголемувањето на бројот на жени, 222 наспроти 356 мажи. Иако резултатите се позитивни, сепак само 10% од вкупниот број на евидентирани Роми во АВРСМ биле вклучени во мерките. Зголемувањето на овој број е нешто што може и би требало да се реализира во следниот период. Во 2013 година се забележува континуитет во зголемувањето на бројот на Роми кои се вклучени во активните мерки за вработување. Иако се работи за мала разлика сепак се работи за зголемување на бројот кој сега изнесува вкупно 612 лица од кои 248 се жени[13].

11 Преглед на невработени лица според етничка припадност, АВРСМ, 2020 https://av.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/%D0%A1%D0%B5%D0%BF%D1%82%D0%B5%D0%BC%D0%B2%D1%80%D0%B8%202020/03nacionalnost092020.xls.pdf

12 Истражување на пазарот на труд ПРОФИЛ НА МЛАДИ НЕВРАБОТЕНИ РОМИ ОД СКОПЈЕ, БИТОЛА, КОЧАНИ И ТЕТОВО, ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ (ЦЕА) СВЕТЛА ИДНИНА СОНЦЕ СУМНАЛ, https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2017/05/Profile-Labor-Supply-.1.pdf

13 Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020, Министерство за труд и социјална политика, http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strategija%20za%20Romite%20vo%20RM%202014-2020.pdf

# 3. ПОЛИТИКИ

И покрај релативно долгата традиција на обезбедување можности за образование на возрасните во времето на Југославија, доведоа до пад во културата на учење меѓу населението во првата деценија од македонската независност.

Во 2008, Националниот извештај на UNESCO за образованието на возрасните во Република Македонија[14] забележа недостиг од систематски пристап во областа, слаба транспарентност и ограничена достапност на образовните програми, како и недостиг од координација и соработка меѓу партнерите, што резултираше, меѓу другото, и со висок процент ниско квалификувани лица меѓу долгорочно невработените, и особено меѓу ранливите и маргинализираните општествени групи. Правната рамка за основното и за средното образование предвидуваше исклучиво „втора можност"за возрасните со незавршено задолжително образование да го завршат основното училиште, без што тие се сериозно обесправен и на пазарот на трудот.



За да ги надмине овие проблеми, Владата донесува посебен Закон за образование на возрасните, усвоен во 2008 година со цел за прв пат да се обезбеди посѐопфатна правна рамка за поддршка на доживотното учење.

Од донесувањето на Законот за образование на возрасните во 2008-ма година па сè до денес, согледувајќи ги потребата и неопходноста од уредување и унапредување на системот за образование на возрасните, се вложуваат континуирани напори во креирање и реализација на политики кои одат во насока на одговарање на проблемите со невработеноста, сиромаштијата, нискиот стандард, неусогласеноста на понудата и побарувачката на пазарот на труд, недостатокот од работна сила итн.

Членот 4 од Законот за образование на возрасните ги дефинира целите и задачите на образованието за возрасните во Македонија:

„Цел на образованието на возрасните е да се обезбеди можност за стекнување на соодветно образовнони во за секого и за сите возрасни групи и да овозможи истите да стекнат знаења, вештини и ставови кои ќе бидат во согласност со барањата на општеството и пазарот на трудот.

Задачи на образованието на возрасните се:

- **Завршување на најмалку задолжително образование,**
- **Оспособување за вработување на возрасните кои не завршиле образование за прво ниво на стручни квалификации,**
- **Преквалификација и доквалификација, оспособување и обука на вработени и невработени возрасни лица,**
- **Овозможување образование и стекнување знаења и вештини кои одговараат на личните способности и возраста на поединците и**
- **Стекнување соосновни вештини и компетенции со кои се обезбедуваат основи за доживотно учење."**

14 National Report on the Development and the State of Art of Adult Learning and Education, Republic of Macedonia, DVV International Regional Office for South East Europe, 2008

Во контекст на ова истражување се издвоени и накусо елаборирани стратешките документи и  политиките кои имаат за цел да овозможат поголема вклученост на маргинализираните групи во општеството, да им отворат пристап до образование и обука и влез на пазарот на труд, а со тоа да придонесат за подобрување на нивната социо-економска состојба.

## 3.1. ПРИКАЗ НА РЕЛЕВАНТНАТА СТРАТЕШКА РАМКА

Во последнава декада, образованието на возрасните е составен дел од стратешките визии на државата и тие ги отсликуваат согледувањата дека образованието и учењето на возрасните игра клучна улога во намалувањето на невработеноста и сиромаштијата.

### 3.1.1. СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО 2018 - 2025

Стратегијата за образованието, изработена и донесена во 2018 година, го инкорпорира неформалното образование и образованието на возрасните во сѐопфатната визија за развој на образованието во нашата земја.

Од приоритетите на полето на образованието на возрасните дефинирани во оваа Стратегија, за ова истражување е важно да се истакне Приоритетот 1, според кој неопходно е да се стави фокус на  зголемување на квалификациите на возрасните (знаења, вештини и компетенции), сѐ со цел:

- **Сите граѓани да имаат можност да ги валидираат компетенциите кои ги стекнале преку неформалното и информалното учење, со што ќе се подобри привлечноста на доживотното учење и ќе се зголеми конкурентноста на работната сила;**
- **да се зголеми нивото на образование на населението;**
- **да се подобрат се клучните компетенци и на возрасните лица;**
- **да се подобрат се можностите за учење на возрасните со посебни образовни потреби;**
- **да се подобри мотивацијата на возрасните да учествуваат во обуки;**
- **да се подобрат можностите за учење и образование на возрасните;**
- **да се зголеми вклученоста во учење и образование на возрасните, што значително ќе придонесе за регионален и локален развој.**

### 3.1.2. СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Општата цел на Стратегијата за образование на возрасни 2018-2022, изработена во рамките на ИПА проектот „Јакнење на доживотното учење“, е обезбедување на можности за стекнување на соодветно образование и неопходни компетенции за сите поединци и за сите возрасни групи, осигурувајќи тие да ги поседуваат знаењето, вештините и ставовите што се бараат од страна на општеството и пазарот на труд. Според тоа, образованието мора да им биде достапно за сите коишто живеат во Република Македонија, без оглед на возраста, полот, верската или етничката припадност, здравствената состојба и социјалната или финансиската состојба. Исто така, образованието и обуката мора да ги исполнуваат сите барања за ефикасност и ефективност со цел да можат на сите да им обезбедат доволно општо и стручно образование.

Во контекст на ова истражување е важно да се спомене Приоритет 2: Воспоставување систем за развој на квалитетот на образованието на возрасните  од Стратегијата, во чијшто Акциски план се предвидени низа мерки за поддршка на континуиран и одржлив развој на квалитетот на формалното и неформалното образование на возрасни.

### 3.1.3. КОНЦЕПЦИЈА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

Концепцијата за основно образование на возрасните, меѓу другото, ја истакнува неопходноста од воспоставување на:

A. **Функционален систем за основно образование за возрасните со цел да се:**

- **подобри квалитетот на образованието на возрасните,**
- **се зголеми на бројот на возрасните во процесите на доживотно учење,**
- **да се овозможи мобилност кон стручното и средното образование,**
- **да се осигурат услови за компетентно вклучување на возрасните во општествениот живот и на пазарот на трудот.**

B. **Инклузивен системкој е осмислен на начин кој овозможува за вклучување на сите возрасни, без оглед на нивната возраст, пол, попреченост, раса, етничка припадност, религиозност, сексуална ориентација или социоекономски и културни карактеристики.**

C. **Систем на еднакви можности за пристап до основното образование на возрасните за припадниците на ранливите групи: лица со попреченост, лица од деприивирани социоекономски животни услови, жени со ограничен пристап до квалитетно образование, лица во казненопоправни домови и др.;**

D. **Достапен систем, при што, се мисли на достапност од различни аспекти. Пред сè, од аспект на физичка близина и просторни капацитети, потоа од аспект на доближување на образованието до возрасните кои имаат бариери кон вклучување во процесот од психосоцијални причини, како и од финансиски аспект.**

## 3.2. НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ И ТЕЛА

### 3.2.1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Според Законот за образование на возрасните, членот 7 алинеја 8, Министерството за образование и наука е надлежно:

- **да донесе стратегија за образование на возрасните и годишни акциски планови за нејзина реализација, врз основа на предлози од Советот за образование на возрасните,**
- **да и' предлага на Владата на Република Северна Македонија мрежа на установи за образование на возрасните,**
- **да дава мислење до Владата на Република Северна Македонија за престанот со работа на установите за на возрасните,**
- **да врши верификација на установите за образование на возрасните,**
- **да издава верификација на установите и институциите за образование на возрасните**
- **да води регистар на верифицирани установи за образование на возрасните**
- **да донесува национални рамковни наставни планови и програми за образование на возрасните,**
- **да донесува наставен план и програми за основното, гимназиското и стручното образование на возрасните,**
- **по предлог на Центарот за образование на возрасните, да обезбеди средства од Буџе-**

**тот на Република Северна Македонија за финансирање на образованието на возрасните врз основа на утврдените потреби на државата.**

Во 2008ма година, со основањето на Јавната Установа Центар за образование на возрасните, Министерството за образование и наука и ги препушта на оваа установа надлежностите околу креирањето и имплементацијата на политиките за нефорамално образование на возрасните. Надлежностите на Центарот за образование на возрасни се прикажани во точка 3.2.2.

## 3.2.2. ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

## 3.2.3. Ј.У. ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ – СКОПЈЕ

Ј.У. Центар за образование на возрасните – Скопје е јавна установа за образование на возрасните во Република Македонија, која како посебно правно лице е основана од Владата на Република Македонија во ноември 2008 година.

Мисијата на Центарот е да промовира систем на образование на возрасните кој ќе биде функционален, модерен и во согласност со стандардите на Европската Унија, систем кој ќе обезбеди висок квалитет на учење и можности за стекнување на квалификации во согласност со потребите на населението, ќе ја зголеми вработливоста и ќе го развие претприемништвото, ќе ги задоволи потребите на пазарот на трудот и ќе придонесе во економскиот, општествениот и личниот развој.

Главни цели на Центарот се да придонесе во реализацијата на социо-економските потреби на Македонија, да одговори на потребите на пазарот на трудот и да им помогне на индивидуите во нивниот личен развој.

Согласно Член 6 од Статутот на Центарот, основната дејност на Центарот е да развие модерен и квалитетен систем на образование на возрасните (формално и неформално) во правец на вршење развојни, советодавни, истражувачки и стручни работи од областа на образованието на возрасните според Законот за образование на возрасните, а особено:

- **врши следење, анализа и развој на системот на образование на возрасните;**
- **работи на унапредување на образованието и обуката на возрасните во соработка со установите и институциите за образование на возрасните;**
- **дава поддршка на социјалното партнерство на сите нивоа и фази во планирањето, развојот и реализацијата на образованието на возрасните;**
- **подготвува концепција за образованието на возрасните;**
- **подготвува наставни планови и програми за основно, гимназиско и стручно образование на возрасните, издава каталог на донесени програми за образование на возрасните и го објавува на официјалната Интернет страница на Министерството, изготвува стандарди на занимања за програмите за образование на возрасните, врши верификација на програми за образование на возрасните, изготвува модел на јавноважечки програми за образование на возрасните;**
- **во соработка со министерството надлежно за труд иницира потреби од изготвување на нови стручни квалификации по стандарди;**
- **врши стручно-административни работи за прашања за кои одлучува Советот за образование на возрасните;**
- **врши истражувања од областа на образование на возрасните;**
- **врши советодавно-менторска работа на кадарот кој ги реализира програмите за образование на возрасните;**

- изготвува стандарди за опремата и просторните услови како и за соодветноста на кадарот на установите и институциите за образование на возрасните и го објавува на официјалната Интернет страница на Министерството;
- дава мислење за исполнетоста на стандардите на установите и институциите кои бараат верификација за реализирање на јавно признатите програми за образование на возрасните;
- издава каталог на верифицирани и лиценцирани установи и институции за образование на возрасните ;
- организира стручно усовршување и обука на наставниците и обучувачите;
- го поврзува образованието на возрасните во контекст на доживотното учење, а во согласност со стандардите и политиките на Европска Унија;
- предлага мерки за развој и воведување на нови наставни технологии и нивна примена;
- посредува во кариерниот развој и професионалната ориентација на учесниците во образованието на возрасните;
- предлага решенија за подобрување на врските помеѓу формалното и неформалното образование;
- доставува годишен извештај до Министерството и Советот за реализација на годишните акциони планови од стратегијата за развој на образованието на возрасните;
- доставува годишен извештај до Министерството за објавени јавни конкурси за доделување на средства за реализација на програми за образование на возрасните;
- соработува со Министерството за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за администрација, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Државниот завод за статистика, меѓународни институции и организации од областа на образование на возрасните, социјалните партнери и други;
- врши и други работи утврдени со закон.

### 3.2.4. СОВЕТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Советот за образование на возрасните е основан од Владата, и согласно Член 10 од Законот за образование на возрасните, ги има следниве надлежности:

- да предлага Стратегија за развој на образованието на возрасните во контекст на доживотното учење
- да ја следи имплементацијата на годишните акциски планови кои произлегуваат од стратегијата
- да дава предлог за изработка на национални стандарди квалификации и стандарди на занимање
- да предлага финансирање на програми за образование на возрасни за кои се алоцирани средства од националниот буџет, и
- во соработка со општините, да поднесува предлог за развој на мрежата на организации за образование на возрасни до Министерството за образование и наука.

## 3.3. АКТУЕЛНИ ПОЛИТИКИ

### 3.3.1. ВЕРИФИКАЦИЈА НА ПРОГРАМИ ЗА НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Верификацијата на програмите и понудувачите на неформално образование за возрасни е една од приоритетните политики во сферата на образованието на возрасните. Оваа политика е во наделжност на Јавната Установа Центар за образование на возрасните и тече од 2012 година па сè до денес.



Што всушност претставува верификацијата? Ако еден понудувач е верификуван од Министерството за образование и наука за спроведување на определена програма, тоа значи дека државата го гарантира квалитетот на програмата и на условите во кои таа се изведува и дека како програмата, така и понудувачот на истата ги исполнуваат сите пропишани стандарди.

Со завршување на обука според верификувана програма, се добива сертификат зад кој стојат Министерството за образование и наука и Центарот за образование на возрасните.

Сертификатот е уважен на пазарот на труд, но истиот не го заменува оној здобиен преку формално образование и не овозможува повторен влез за продолжување со формално образование. Со други зборови, целта на посетување на обука според верификувана програма е за релативно кратко време (неколку месеци) да го оспособи кандидатот за пазарот на труд.

Процесот на Верификација на програми и верификација на установи/институции како понудувачи на овие програми, започна во 2012 година, со цел:

- **подигање и осигурување на квалитетот на неформалното образование во Северна Македонија**
- **овозможување на стекнување со вештини и компетенции и стекнување стручна квалификација преку обуки за неформално образование, со цел побрзо да се одговори на актуелните потреби на пазарот на труд; Тоа значи, дека, динамиката на потребите од стручна работна сила наметнува потреба од релативно брзо остручување на кадар за да се одговори на тие потреби. Времетраењето на стручното образование во формалниот систем како такво не може да одговори на моменталните потреби.**
- **зголемување на довербата на потенцијалните интересенти во неформалното образование, а со тоа и зголемување на нивното учество во неформално учење и образование.**

Верификацијата на програмите и установите што ги нудат истите, сама по себе не е задолжителна. Тоа значи, дека понудувачот на програми за неформално образование на возрасни, доколку смета, може да верификува една, повеќе или сите програми што се на неговата понуда. Верификацијата на дадена програма, повлекува и задолжително верификување на установата/институцијата, но таа верификација важи само во контекст на дотичната програма. Доколку еден понудувач сака да верификува три различни програми, од Министерството за образование и наука треба да помине и три верификации на институцијата/установата, за секоја од програмите посебно.

Верификацијата на програмите е во надлежност на ЈУ Центар за образование на возрасните, додека пак понудувачите на ваков вид на програми ги верификува Министерството за образование и наука.

Процесите на верификација се утврдени со закон, подзаконски акти и правилници. Детални информации околу процедурата и документацијата потребна за поднесување на програма за верификација, се достапни на веб страницата на ЈУ Центар за образование на возрасните. Верификацијата на програма и на понудувачот на таа програма има важност од 3 години. По истекот, можно е нејзино обновување.

### 3.3.2. ВАЛИДАЦИЈА НА НЕФОРМАЛНО И ИНФОРМАЛНО УЧЕЊЕ

Валидацијата на неформалното и информалното учење (ВНИУ), е една од главните политички приоритети на нашата држава во областа на образованието на возрасните. Солгасно препораките на Европската комисија за воспоставување на национален систем за Валидација, нашите надлежни институции, согласно оваа препорака, од 2016 па наваму континуирано работат на дизајнирањето и осмислувањето на функционален систем за валидација на знаења, вештини и компетенции стекнати преку неформално образование и преку информално учење. Валидацијата има за цел:

- **да се направи видливо често игнорираното и богато учење кое поединецот го стекнал надвор од формалното образование и обука (на пример дома, на работа или преку слободни активности), и**
- **да му се припише вредност на она што поединецот го научил, без разлика во каква средина се случувало тоа учење, со цел поединецот да може да ги „претвори“ резултатите од тоа учење во идни можности за учење и вработување;**

Валидацијата на неформалното и информалното учење, има за цел да им овозможи на индивидуите препознавање и признавање на нивните знаења, вештини и компетенции кои ги стекнале по неформален и информален пат. На тој начин секој граѓанин, кој што поседува одредени практични вештини, компетенции и искуство, стекнати преку неформално образование или информално во секојдневниот живот, а за кои нема сертификат, е потенцијален кандидат за валидација. Овој систем ќе му овозможи преку документирање и проценка на неговите знаења и вештини да се здобие со делумна или целосна стручна квалификација.

Согласно предвиденото, процесот на Валидација ќе го води Центарот за образование на возрасните, со учество на многу други чинители – учесници во системот.

Во процесот на валидација на знаење, вештини и компетенции со цел здобивање со стручна квалификација, ќе учествуваат акредитирани понудувачи. Понудувачите ќе можат да се пријават на оглас за валидирање на знаења за различни стручни квалификации.

Секој кандидат, кој ќе сака да му биде валидирано знаење, ќе треба да помине низ 4 фази:

1. **Информирање и советување**

Заинтересираниот поединец ќе може да се обрати во акредитиран понудувач и таму од таканаречен советник за валидација да добие информации за процедурата, условите, текот на процесот, корista и придобивките од валидацијата итн.

2. **Документација**

Во оваа фаза, воден од советникот, кандидатот ќе изработи портфолио во кое ќе бидат документирани различни видови докази за знењето што го поседува во врска со стручната квалификација со која сака да се здобие.

3. **Проценка**

Во фазата 3, кандидатот ќе полага пред стручна комисија и врз база на стандардот на квалификација ќе му бидат проценети вештините, знењата и компетенциите.

4. **Сертификација**

Во оваа, последна фаза, ќе му биде доделен сертификат за целосна квалификација. Доколку не ги исполнува условите за истата, ќе му биде документирано познавањето на модули од наведената квалификација, со препораки каде може да се дообучи и да се врати на повторно полагање со цел да се здобие со квалификацијата.

Овој процес требаше да биде ставен во функција во 2020, но, се планира да биде инициран во 2021 година.

Повеќе информации и корисни документи поврзани со ВНИУ може да се најдат на веб страницата на ЈУ Центар за образование на возрасните како главен носител на овој систем.



# 4. ПОТРЕБА ОД ВЕШТИНИ

## 4.1. ПОТРЕБА ОД ВЕШТИНИ ВО РЕГИОНИТЕ ОПФАТЕНИ СО ПРОЕКТОТ

Според анализите на АВРСМ[15] за очекувањата кај работодавачите и потребите од вештини кај потенцијалните вработени за 2020 година, најголем број нови работни места во наредниот период се очекува да се отворат во преработувачката индустрија, трговија на големо и мало, градежништво, транспорт и складирање. Во однос на степенот на образование, најмногу ќе се бараат вработени со средно образование (дури 46% од сите потенцијални работни места) и основно образование (35%). Со завршено високо образование најмногу потреба од вработени ќе има во ИТ индустријата, финансиските услуги и други технички и стручни професии. Лица со завршено средно образование најмногу ќе можат да се вработат во професии поврзани со недвижен имот, транспорт, складирање, храна и услуги, додека лицата со завршено основно образование најлесно свое вработување би добиле во земјоделството, шумарството и рибарството.

Во однос на регионите кои се застапени во ова истражување, работодавачите, во рамките на ова истражување, искажале потреба од следните професии:

*Табела 3: Потреба од работни места во 5 плански региони*

| | |
|---|---|
| Североисточен – Куманово | машински техничар, градежен техничар, администратор, систем оператор, хемиски техничар, електротехничар, продавач, шивач, чевлар, келнер, заварувач, бравар, возач на товарно возило, пекар, готвач, шанкер, градежен работник, тесар, општ работник, работник во високоградба, помошник во кујна итн. |
| Источен – Кочани, Штип | оператор за машинско одржување, комерцијалист, текстилен техничар, техничар- технолог, техничар за кондиторски производи, шивач, продавач, заварувач, касиер, шивач, столар, чевлар, тапетар, ткајач, бравар, возач на товарно возило, возач на такси, општ работник, општ работник на производна лента, рударски работник, пеглач на алишта, земјоделски работник, дистрибутер, оператор на ЦНЦ машина итн. |
| Југозападен – Кичево | електротехничар, техничар- оператор, комерцијалист, фармацевстки техничар, шивач, продавач, готвач, шанкер, обезбедувач на имот и лица, работник на бензиска пумпа, бравар, армирач, градежен работник, возач, општ работник, собарка, помошник во кујна, подготвувач на брза храна итн. |
| Пелагониски – Прилеп | фармацевтски техичар, хемиски техничар, заварувач, продавач, шивач, келнер, бравар, магационер, готвач, шанкер, пекар, градежен работник, кројач, возач на автобус, општ работник, работник заобработка на тутун, работник за утовар/истовар, рачен пакувач, магационер итн. |
| Вардарски – Велес | електротехничар, тектилен, рударски и машински техничар, шивач, продавач, бравар, заварувач, возач на товарно возило, електричар, келнер, месар, автомеханичар, готвач, ѕидар, бравар, општ работик, работник за земјоделски работи, дистрибутер, овчар итн. |

*Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Скопје, 2020*

15 Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во Република Северна Македонија за 2020 година, АВРСМ, Скопје 2020, https://av.gov.mk/analiza-na-potrebi-od-veshtini-na-pazar-na-trudot.nspx



# 5. МЕРКИ И МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ОД ИНТЕРЕС НА ЦЕЛНАТА ГРУПА НА ПРОЕКТОТ

Согласно барањата кои произлегуваат од потребите на Националниот ромски центар како нарачател на изработката на ова истражување, извршена е анализа на достапност на:

- **можности за (до)оформување на основно образование**
- **можности и понуда на верификувани програми за неформално образование на возрасните за развој на знаења, вештини и компетенции и/или стекнување на стручна квалификација**

Истражувањето, од горенаведените причини, не се фокусира на:

- **дооформување на средно стручно образование во формалниот систем**
- **стекнување на знаења, вештини и компетенции преку неверификувани обуки за неформално образование.**

## 5.1. (ДО)ОФОРМУВАЊЕ НА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

И покрај донесената Концепција за основно образование на возрасни, и ревидирањето и пилотирањето на програмите за основно образование на возрасни16, понудата на верификувани установи и институции на ваков вид образование е скромна. Согласно добиените информации за потребите на ова истражување, (до)оформување на основно образование на возрасни, освен во специјализираното училиште Антон Симјонович Макаренко во Скопје, може да се добие во неколку Отворени граѓански универзитети за доживотно учење, каде што кандидатите сами го финансираат завршувањето на истото.

Листата на верификувани понудувачи на основно образование на возрасните е содржана во точка 8. Анекси. Важно е да се спомене дека оваа листа не е официјална.

Во овој контекст е исклучително важно дека дооформување на основно образование е достапно за лица со навршени 18 години и дека заинтересираните треба да донесат на увид свидетелство за последното завршено одделение.

## 5.2. ОФОРМУВАЊЕ НА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје во соработка со Министерството за образование и наука, во 2010 година започна со реализација на Проект за оформување на средно стручно образование на возрасни, за лица со завршено само основно образование. Целта на овој проект е да се намали стапката на невработеност и да овозможи вработување на граѓаните, како и да ја зголеми конкурентоста на пазарот на труд.

За реализација на овој проект се ангажирани средни стручни училишта кои учесниците ги запишуваат како вонредни ученици.

Наставните програми по кои се спроведува наставата се истите по кои се реализира и наставата во формалното средно стручно образование.

Досега, во рамките на овој проект е овозможено дооформување на средното стручно образование за следниве квалификации:

| | |
|---|---|
| Техничар за трговија и маркетинг (четиригодишно)<br>Економски техничар (четиригодишно) Деловен секретар | Економско-правна струка |
